Јавно сообраќајно претпријатие Скопје ул. Александар Македонски бр.10 -Гази Баба Скопје (во текстот:ЈСП) - Комисијата за спроведување на постапка за прибирање понуди (во текстот: Комисија), објавува:

# О Г Л А С бр. 2/2016

**за издавање под закуп на простор за поставување на автомати за топли и ладни напитоци ,автомати-фрижидери за храна и пијалоци и машини за еспресо кафе**

## 1.ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предметот на огласот е прибирање на понуди од правни и физички лица за издавање под закуп на простор за поставување на автомати за топли и ладни напитоци , автомати-фрижидери за храна и пијалоци и машини за еспресо кафе и тоа:

- 3( три) автомати за топли и ладни напитоци и 1(еден) автомат-фржидер за храна и пијалоци на локација Авто база Автокоманда,
- 4(четири) автомати за топли и ладни напитоци и 1(еден) автомат-фржидер за храна и пијалоци на локација Транспортен Центар,
- 3(три)автомати за топли и ладни напитоци и 1(еден) автомат-фрижидер за храна и пијалоци на локација Авто база Ѓорче Петров ,
- 1(еден)автомати за топли и ладни напитоци на локација жичарница Милениумски крст Средно Водно,
- 3(три)машини за еспресо кафе кој подржуваат патрони за кафе од марката Лаваца

или вкупно 11(единаесет)автомати за топли и ладни напитоци, 3(три)автомати-фрижидери за храна и пијалоци и 3(три)машини за еспресо кафе кој подрживаат патрони за кафе од марката лаваца.

## 2.ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на јавниот оглас од точка 1.

## 3.УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Заинтересираните лица поднесуваат пријава за учество во писмена форма, која пријава треба да биде комплетирана со следните докази:

- Понуда по образец објавен на web страната,
- Доказ за извршена уплата на паричен депозит за учество на јавно наддавање(оргинал) ;
- Тековна состојба од Централен Регистар на Р.М не постара од 90 дена(оргинал);
-Е-маил адреса и контакт телефон на подносителот на пријавата за учество;
-Полномошно за застапување на лице кое ќе го преставува заинтересираното правно лице односно заинтересираното физичко лице.

Пријавите кои не се комплетирани со потребните докази кои се наведени погоре, се некомплети и кандитатите немаат право врз основа на такви пријави да учествуваат во постапката.

**4.НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Избраниот најповолен понудувач се обврзува да за целото времтраење на договорот кој ќе го склучи со ЈСП СКОПЈЕ,редовно ги одржува автоматите за топли и ладни пијалоци,автоматите-фрижидерите за храна и пијалоци и машините за еспресо на свој трошок, како и истите навремено да ги снабдува со состојки кој се потребни за остварување на функцијата за која се наменети.

Избраниот најповолен понудувач се обврзува да за целото времтраење на договорот кој ќе го склучи со ЈСП СКОПЈЕ, редовно да му доставува патрони за еспресо кафе од марката Лаваца односно 400 патрони од 21 грам од марката Лаваца на месечно ниво за целото времетраење на договорот.

Испораката на патроните од став 2 од оваа точка е без надомест и истата количина Избраниот најповолен понудувач треба да му ја доставува на ЈСП СКОПЈЕ најдоцна до 5-ти во тековниот месец.

**5.ПОЧЕТНА ЦЕНА**

Вкупната почетната цена на јавното надавање за предметот на овој оглас опишан во точка 1 изнесува 500.000,00 денари(цената е без пресметан ДДВ) за период од 2(две) години.

**6. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Избраниот најповолен понудувач понудената цена на јавниот оглас ќе му ја плаќа на ЈСП Скопје на 24 еднакви месечни рати односно истата ќе се плаќа на месечно ниво.

Цената на месечната рата на закуп изнесува 20.833,00 денари(без пресметан ДДВ) и истата најповолниот понудувач е должен да ја плаќа најдоцна до 15 –ти во тековниот месец.

За обврските кои произлегуваат кон државата во врска со оствареениот промет од предметот на овој оглас како и обврските кои произлегуваат од законот за трговија, одговорен ќе биде избраниот најповолен понудувач и истите ќе паднат на негово товар.

**6.ДЕПОЗИТ ЗА УЧЕСТВО**

Депозитот за учество на Огласот за јавно надавање изнесува 3.000,00ден.Уплатата на депозитот за учество на јавно надавање се врши вирмански на сметката на ЈСП бр.320-1000024121-97 при Централна кооперативна банка АД Скопје Скопје со цел на дознака депозит за оглас бр.2/2016.

Уплатата на депозитот треба да се изврши во рокот определен за поднесување на пријавата.

Депозитот се враќа во целост на подносителот на пријавата за јавно надавање во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното надавање, освен на понудувачот кој понудил најповолна цена и кој е избран за најповолен понудувач,на кого по склучување на договорот за поблиску уредување на односите во врска со предметот од Точка 1 од огласот,му се враќа уплатениот депозит.

**6.РОКОВИ**

Пријавите за учество на јавното надавање во затворен плик со назнака за Оглас за закуп на простор за автомати за пијалоци и фрижидери за храна и пијалоци, може да се достават до ЈСП СКОПЈЕ, по пошта со препорачана пратка на адреса ул. ул.Александар Македонски бр.10 Скопје-Гази Баба Скопје или директно во архивата на ЈСП Скопје.

Краен рок за доставување на пријавите за учество заедно со барана документација е 26.08.2016година.

Јавното надавање ќе се одржи во салата за состаноци која се наоѓа во седиштето на ЈСП .

**7.ПОСТАПКА**

1.Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетноста на истите по електронски пат, во рок од три дена од денот на поднесување на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација, им се доставува известување за денот часот и местото на одржување на јавното надавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното надавање.

2.На денот на одржувањето на усното јавно надавање овластените лица на подносителите на пријавите пристапуваат на усно јавно надавање, со гласно кажување на повисока понуда на почетната цена.

3. Комисијата пред почетокот на усното јавното надавање констатира дали се исполнети условите за јавното наддавање и ги утврдува и соопштува начинот и техничките правила на наддавањето и тоа:

а) идентитетот на понудувачите односно нивните полномошници ;

б) почетната цена на наддавањето ;

4.Усното надавање може да започне со најмалку еден учесник во јавното надавање.

Усното и јавното надавање го спроведува и води Комисија формирана од директорот на ЈСП Скопје.

5.Усното јавно надавање започнува со објавување на почетната цена на предметот на огласот опишан во точка 1 од Огласот.

6.Јавното наддавање се спроведува на начин на кој што учесниците ја наддаваат почетната цена утврдена во огласот за јавно наддавање .

7.Надавањето се врши чекорно со зголемување на вредноста за секој чекор но не помалку од 3.000,00денари.

8.Јавното наддавање трае се додека се нудат повисоки износи од учесниците на јавното наддавање ;

9.Јавното наддавање завршува кога и по трет повик во рок од 3 минути, не е понудена повисока цена.

10.Усното јавно надавање се смета за завршено кога некој од учесниците-понудувачите ќе даде конечна-финална понуда послем која понуда не е понудена повисока цена од страна на другите учесници.

11. Договарањето помеѓу понудувачите за време на наддавањето не е дозволено ;

12. Секој учесник на наддавањето е врзан за својата понуда се додека друг учесник не понуди повисока цена.

13.Учесникот-понудувачот на јавното надавање кој понудил највисока цена се стекнува со статусот најповолен понудувач.

14**.** Кога на јавното наддавање се јави само еден наддавач, кој ги прифаќа условите од огласот и ја даде почетната цена, истиот стекнува статус на најповолен понудувач и со него се склучува договор во кој поблиску ќе ги уредат односите во врска со предмет на јавното наддавање**.**

15.ЈСП Скопје и најповолниот понудувач по завршување на постапката ќе склучат Договор во кој поблиску ќе ги уредат односите во врска со предметот на овој оглас опишан во точка 1.

16. Кога најповолниот понудувач не го склучи договорот во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач, следно рангираниот по ред понудувач што ги исполнил условите на јавното наддавање стекнуваат статус на најповолен понудувач и може да пристапи кон склучување на договорот.

17. Незадоволните учесници на јавното надавње на понудите можат да изјават приговор до Комисијата во рок од три дена од денот на добивање на Одлуката за избор на најповолен понудувач.

18.По приговорот на учесниците во јавното надавање Комисијата е должна да одлучи во рок од пет дена од денот на приемот на приговорот. Одлуката на Комисијата е конечна.

19. Овој оглас ќе биде објавен во средствата за јавно информирање - дневни весници и web страната на ЈСП СКОПЈЕ: www.jsp.com.mk.

20. За подетални информации заинтересираните може да се обратат на тел:070-308-967 , e-mail:s.nikolovski@jsp.com.mk и 071-386-994 e-mail:s.nikolovski@jsp.com.mk slavisha.karovchevski@jsp.com.mk.

ЈСП СКОПЈЕ

Комисија за спроведување на постапката

**ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број ________ објавен од страна на __________________ _____________________________________________________________________, за издавање под закуп на простор за поставување на автомати за топли и ладни напитоци ,автомати-фрижидери за храна и пијалоци и машини за еспресо кафе, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**1. ОПШТ ДЕЛ**

1.1.Име на понудувачот: _______________________________________________

1.2. Контакт информации

Адреса: ____________________________________________________________

- Телефон: ____________________________________________________

- Факс: _______________________________________________________

- Е-пошта: ____________________________________________________

- Лице за контакт: _____________________________________________

1.3. Одговорно лице: ____________________________________________________

1.4. Даночен број: ______________________________________________________

1.5.Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на Јавниот оглас.

1.6. Нашата понудата е составена од следниве делови:

- пополнет образец на Понуда составена од ОПШТ ДЕЛ и ЦЕНИ,
- документи за докажување на личната состојба,
- гаранција на понудата,

1.7. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот .

## 2. ЦЕНА ЗА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВЕН ОГЛАС

Вкупната цена на нашата понуда за предметот на јавниот оглас изнесува: ______________________________________________________________________(со бројки) (______________________________________________________денари.) [со букви].

Вкупниот износ на ДДВ изнесува: ____________________________________ [со бројки] (________________________________________денари.) [со букви].

Место и датум

__________________________

Одговорно лице

__________________________

(потпис и печат)*

Врз основа на огласот број 02/2016 објавен од страна на **-Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ**, ул.Александар Македонски бр.10, 1000 Скопје, за издавање под закуп на простор за поставување на автомати за топли и ладни напитоци ,автомати-фрижидери за храна и пијалоци и машини за еспресокафе со спроведување на постапка со усно јавно надавање, ја поднесуваме следнава:

**П Р И Ј А В А**

**– Информации за учесникот**

I.1. Име на учесникот: ____________________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ____________________________________________________________
- Телефон: __________________________________________________________
- Факс: _______________________________________________________________
- Е-пошта: ___________________________________________________________
- Лице за контакт: _____________________________________________________

I.3. Одговорно лице: ______________________________________________________

I.4. Даночен број: ________________________________________________________

1.5. ЕМБС ______________________________________________________________

1.6. Жиро сметка бр.________________ депонент на _________ банка АД

Кон пријавата се приложени оргинал или копии од оргиналните документи заверени на нотар, со кои се дефинира нашата способност за учество на јавното надавање согласно барањата од Огласот, и тоа:

-понуда по образец согласно јавниот оглас;

- доказ за платен депозит за учество на Огласот, во оргинал;

- доказ за регистрација на правното лице од Централен регистар(тековна состојба) не постара од 90 дена ;

- доказ за својство на одговорното лице во правното лице, односно уредно потпишано и заверено полномошно што ќе го преставува на јавното отворање на понудите, во оргинал;

- Долупотпишаниот изјавува дека податоците во правилно пополнетата пријава се комлетни, вистинити и точни во секој поглед.

| Место и датум | Одговорно лице* |
|---|---|
| ___________________________ | _______________________ |
| | (потпис) |

*Пријавата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице